**ЗАПИСНИК**
**од 6-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 07.02.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Емилија Јаневска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Сашо Петрушевски, Бурим Хамиди, Александар Џуваревиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 6 -та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред, информира дека под Разно ќе има уште две точки: Усвојување на Предлог-записник од првото продолжение на 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 04.02.2019 година и Предлог-решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово. Во таа насока објасни дека размислувал дали да го измени дневниот ред и точките да ги вгради во него, но бидејќи хронолошки не смета да бидат под Разно одлучил да не се менува.

Советот на Агенцијата со двете точки под Разно, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.02.2019 година.
2. Предлог-одлука за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс.
3. Информација за висината на префрлените средствата за финансирање на радиодифузната дејност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Информација за обврски кои произлегуваат од последната измена на Изборниот законик.
5. Предлог-одлука за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.
6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Миење на возила.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Мобилна телефонија.
8. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење.
9. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали.
10. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Предлог-записникот од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.02.2019 година.

Г-дин Фиданоски имаше забелешка на страна 3 од записникот, втор пасус, ред 3 од неговата дискусија. Предложи зборот „иницијатива" да се замени со зборот „интенција".

Г-дин Ајдини имаше забелешка на страна 11 од записникот во неговата дискусија. Предложи зборот „одма" да се замени со „веднаш" и „Совет" да се замени со „Советот".

Советот со вградени забелешки од г-дин Фиданоски и Г-дин Ајдини едногласно го усвои предложениот Записник од 5-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за одбивање на Барање за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, објасни дека на оваа тема неколку пати дискутирале во претходните неколку месеци.

Г-дин Трајчевски објасни дека пред неколку седници имаше дискусија по ова Барање, тогаш предложено како Информација каде што Советот донесе Заклучок да се распише постапка на изработка на Студија по завршување на претседателските избори. Тоа што беше на седницата изгласано сега е ставено во предложената одлука, фотографски пресликано како што тогаш е одлучено. Нагласи дека услов не е само завршување на претседателските избори, туку и изработка на Анализа на

пазарот за да би можело да се извлечат нови податоци. Рече дека затоа не може буквално да се сфати веднаш по завршување на изборите, туку има и други чекори како промена на Финансискиот план на Агенцијата, промена на Планот за јавни набавки, а реално изработката на Анализа на пазарот ќе заврши до крајот на месец јуни.

Г-дин Петрушевски рече дека во принцип она што тој го говорел е корекција за еден месец понатаму.

Г-дин Фетаи во однос на Студијата која треба да се објави по завршување на изборите рече дека би требало да опфати и заклучок за можноста на бројот на телевизии, бидејќи во минатото имаше барање за телевизија која емитува програма претежно на албански јазик. Предложи Студијата кога ќе се направи, за да не се оди со изработка на две студии, да ја предвиди и можноста освен за оваа телевизија, да има анализа за две телевизии. Бидејќи, рече, разговарано е на седница дека има можност да конкурираат и постојните телевизии преку дигитален терестријален мултиплекс, предлага ова да влезе како негова иницијатива во поглед на Студијата, да се предвиди можноста за анализа на уште една телевизија која ќе емитува програма претежно на албански јазик, односно дали пазарот може да издржи за да се смести во капацитетите на дигиталното емитување. Тоа е негово барање или како ќе се дефинира, за да бидат порационални и за неговата иницијатива да не се изработува друга посебна Студија. Посочи, екипата која ќе го земе тендерот да ја истражува и едната и другата можност за телевизија.

Г-дин Петрушевски рече дека според него анализата се однесува на целокупниот пазар, а во целокупниот пазар се опфатени и телевизиите кои емитуваат програма на албански јазик.

Г-дин Трајчевски потврди дека Студијата опфаќа анализа на целокупниот пазар.

Г-дин Фетаи праша дали тоа значи дека во истражувањето ќе се добие одговор и во поглед на неговиот предлог бидејќи 2-3 пати имаше барање од телевизиите кога беше констатирано дека нема можност на пазарот за нови медиуми.

Г-дин Трајчевски одговори дека изработката на Студијата ќе каже дали има потреба и ако има за колку телевизии има потреба, дали една или повеќе. Не може сега ништо однапред да се знае и затоа се оди со изработка на Студија. Таа ќе ја опфати и потребата на публиката за каков вид на програмски содржини е заинтересирана доколку има потреба од нови телевизии.

Г-дин Фетаи рече дека според него тука треба едно допрецизирање. Дали кога се разговара за можноста тие да бидат телевизии на дигиталните капацитети, истражувањето ќе оди со анализа како за нова телевизија, бидејќи не е нова телевизија, не е нов медиум, само влегува во една друга конкуренција. Според него друга е идејата дали ќе се појави нов медиум па да се види од тој аспект дали пазарот тоа ќе го издржи или не, а друго е ако премине од сателитска телевизија во телевизија која се емитува преку кабел. Во таа насока рече да нема големо ограничување бидејќи можноста е да се појави и нов медиум, но се гледа дека Студијата се прави по иницијатива на постојните телевизии, конкретно сателитската ТВ 24. Идејата му е во новото истражување тоа да се истакне бидејќи има едно Барање, иницијатива, дека би било потребно да се даде можност, една од тие 5-6 телевизии кои емитуваат програма претежно на албански јазик, а покажале интерес и имаат барање во минатото. Можеби

се во добра материјална состојба бидејќи ова пред сè, освен што е концептуално и програмско барање, тоа е и финансиска можност, бидејќи преминувањето на дигитална платформа бара дополнителни материјални средства. Во оваа насока можеби би требало ова да се истакне и во самото истражување, бидејќи пазарот каков и да е ги има телевизиите со свои специфичности, телевизии кои емитуваат програма претежно на македонски јазик, телевизии кои емитуваат претежно на албански јазик и телевизии кои емитуваат и на двата јазици. Идејата не му е да ги убеди, туку истражувачите кога ќе ја прават Студијата да ги имаат овие специфики за кои претходно зборувал, за да потоа се дојде до соодветно укажување како понатаму Советот да оди со одлучувањето, а кое ќе произлезе од нивните заклучоци од истражувањето на пазарот или капацитетите на медиумскиот простор во Република Македонија.

Г-дин Трајчевски рече дека изборот, доколку има потреба за нов субјект ќе биде по пат на јавен повик и во таков случај сите учесници во конкурсот ќе имаат еднаков третман. Нема да имаат повластена положба, ниту тие што сега работат, ниту тие што ќе бидат нови на пазарот. Во тој дел никој не може да се фаворизира затоа што пред Законот сите се исти. Ова го кажал и на претходната седница, без оглед кој го поднесува барањето.

Г-дин Петрушевски рече дека малку прерано дискутираат на оваа тема од причина што денес на седницата Советот треба да донесе само Одлука да се одбие Барањето, додека самиот конкурс и Студијата ќе одат после изборите. И тогаш повторно ќе се разговара за ова прашање и сега не би требало да разговараат за тоа што би правеле за два-три месеци.

Г-дин Трајчев, рече дека кога пред 2-3 седници се одлучуваше дали да се објави Студија, тогаш имал издвоено мислење и гласал против одбивање на Барањето. По таа логика посочи дека за оваа Предлог-одлука ќе биде против со издвоено мислење од причините што ги навел на тогашната дискусија.

Г-дин Фиданоски рече дека на минатата седница донеле Заклучок дека веднаш по изборите ќе се започне со активности околу изработка на таа Студија. Лично смета дека не мора да се чека Анализата на пазарот која би се објавила некаде на почетокот на месец јули, па потоа да почнат подготовките, затоа што податоците за 2018 година Агенцијата ќе ги има кон крајот на овој квартал, до 31 март. Ако хипотетички во средината на мај завршат изборите и се донесат конечни резултати, без одложени постапки, ако има жалби и слично, не е спорно дека може во мај тие подготовки да почнат и да се изработи Студијата. Се обрати до г-дин Фетаи и рече колку за потсетување, за таа Студија за која зборувал минатиот пат, некаде пред две години покажала дека има потреба од две телевизии од кои едната со општ претежно образовен формат и другата со сите три функции истовремено, што укажува на тоа дека има технички простор во дигиталниот мултиплекс за уште најмалку два канала можеби и три. Се согласува дека секој што е сериозен играч, што егзистира на пазарот и покажал интенција дека сака да продолжи да работи, има сериозни шанси да конкурира за да добие таква дозвола. Впрочем заинтересираноста од овој тип го покажува тоа не само ТВ 24 Вести, претходно имаше и други заинтересирани субјекти и се согласува дека на конкурсот сите треба да имаат еднакви услови. Постави прашање дали има повратно писмо од Барателот по одлуката на Советот согласно заклучокот од минатиот пат дека веднаш по претседателските избори ќе се почне со подготовки, при што му беше одговорено дека нема.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ и еден глас против од г-дин Трајчев донесе Одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип бр.03-1542/1 од 17.12.2018 година (наш Уп1 бр.08-555 од 19.12.2018 година, со дополнување од 09.01.2019 година), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно информативен општ формат или општ формат со сите три медиумски функции (информативна, образовна и забавна), на државно ниво, преку дигитален терестријален мултиплекс, од причина што, поради нерасполагање со нови податоци за економското работење на радиодифузерите од претходната година (2018 година) и ограничувањата за подготвување и целосно спроведување на јавна набавка за ангажирање на специјализирана агенција која ќе спроведе јавно истражување, поради вообичаените забрани за спроведување на постапките за јавни набавки по распишување на избори, активностите за изработка на нова Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, која Агенцијата има обврска да ја изработи согласно член 70 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 142/16, 132/17, 168/18 и 248/18), ќе се преземат веднаш по завршувањето на Претседателските избори во Република Македонија 2019 година, по прием на писмено барање од заинтересирана страна (доколку барателот е сеуште заинтересиран).

Се задолжи Секторот за правни работи горенаведената одлука да ја достави до ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата за висината на префрлените средствата за финансирање на радиодифузната дејност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека во септември 2017 година се укина обврската граѓаните и фирмите да плаќаат радиодифузна такса. Тие средства што ги добиваа АААВМУ, ЈП Македонска радиодифузија и МРТ беа заменети со средства од Буџетот на РМ. Првите три месеци во 2017 година, октомври, ноември и декември немаше процент, туку се исплаќаше по 4 милиони денари на Агенцијата, а за другите два субјекти рече дека нема информација за висината на исплатените средства. Во 2018 година сумата беше 0,5% од Буџетот, а од нив 6% се одвојуваа за Агенцијата. Минатата година се добиваа 5 милиони и 550 илјади денари месечно. На 8 јануари оваа година стапија во сила измените на Законот каде што за 2019 година се предвидува 0,8% да биде вкупната сума, а од нив 6% да бидат за Агенцијата. Но, и за јануари и за февруари 2019 година, средствата што ги добива Агенцијата се во висина од 6 милиони денари односно на ниво од минатата година, има само 50 илјади денари месечно повеќе што не соодветствува со 0,8%. На тој начин спротивно на Законот се префрлаат помалку средства, а претпоставува дека можеби помалку средства се префрлаат и на МРД и на Јавниот сервис. По седницата кога се дискутираше на ова прашање испратен е допис до МИОА, но се`уште од нивна страна Агенцијата нема добиено одговор која е причината зошто Агенцијата добива помалку средства од

законски предвидените. Објасни дека по оваа точка сите потребни материјали се испратени до членовите на Советот.

Г-дин Фиданоски рече дека присуствувал на една дебата на кој бил и г-дин Трајчевски, каде што на министерот Поповски му го поставил ова прашање. Не може точно да се сети на одговорот, но бил во насока дека средствата ќе се добијат без да прецизира како и кога. Законски тие средства на Агенцијата и следуваат. Во таа насока рече дека за него е прифатливо да се пушти опомена, меѓутоа предлага дека вистинската адреса за оваа дискусија е сепак министерот Манчевски или евентуално министерот за финансии Тевдовски. Во врска со дебатата на која присуствувале, објасни дека г-дин Трајчевски си отишол, тој останал, пота дошол министерот Манчевски. Предложи да се воспостави контакт доколку е можно и да се побара состанок со министерот Манчевски. Не вели дека треба Агенцијата да отстапи од праќање на опомена, но предложи да се побара и состанок со министерот и од него лично се добие објаснување зошто Агенцијата не ги добива средствата што законски се предвидени. Смета дека за оваа ситуација тоа би било поцелисходно и верува дека на крајот тие средства ќе ги добие Агенцијата затоа што законски и припаѓаат.

Г-дин Трајчев рече дека се согласува со г-дин Фиданоски. Објасни дека на минатата дискусијата и првичната идеја да се прати допис до МИОА, исто тогаш кажал дека подобро е да се направи дијалог и да се видат причините, кои можеби се од објективни околности. Според него Агенцијата не треба да се откаже од средствата, но веднаш да се започне со тужба и други правни средства смета дека е прерано. Првично треба да се почека, да се видат причините и во кое време тоа би се уплатило. Со оглед на тоа дека е законска обврска, рече дека тоа ќе се испочитува и средствата ќе се исплатат. Според него оваа ситуација би можела вака да се реши на најбрз и наједноставен начин.

Г-дин Фетаи рече дека прашањето по кое сега дискутираат, ако се класифицира како добра или лоша вест, рече дека за него е делумно и добра и лоша. Добра е затоа што на Агенцијата и се префрлени пари од околу 80%-90% од предвидените средства, но не колку што треба односно целата цифра колку што законски и следи. Агенцијата не бара од никого милост и не би сакал овој начин на префрлање на средствата кои законски и припаѓаат да биде инструмент за некакво таканаречено политичко влијание или слично, бидејќи Агенцијата е независно регулаторно тело. Побара да се консултираат дали ова ќе биде само како информација или би бил испратен заклучок до тие кои се надлежни да ги префрлат средствата или можеби едно соопштение до јавноста дека на оваа седница Советот на Агенцијата констатирала дека со оглед на законските обврски од 0,8% на Агенцијата не ѝ се префрлаат средства. Да се срочи убаво соопштението за да се обзнани односно подигне гласот во таа насока, бидејќи финансиската основа е предуслов за сите други активности што ги имаат во смисла на исполнување на Законските обврски на сите задачи кои ги има регулаторното тело. Рече дека ова и во минатото се случувало и успеале, но сега треба да бидат погласни во оваа насока.

Г-дин Трајчевски рече дека од измените на ЗААВМУ произлегуваше и обврска Агенцијата да ги намали дозволите за 30%. Тоа значи дека сега Агенцијата ќе добие 30% помалку средства од радиодифузерите. Во таа насока Агенцијата не го толкуваше Законот за да им каже на радиодифузерите „платете го сега целиот износ а до година ќе ви го намалиме износот". Законот кога стапил на сила стапил за сите и важи за сите чинители, и за државните органи и за сите кои имаат законски обврски. Потоа објасни

дека освен тие 30% намалување на годишниот надоместок на сите радиодифузери, минатата седница се донесе Одлука за тоа дека радијата имаат право да бараат дополнително уште 30% намалување на надоместокот. Нагласи дека приходите на Агенцијата значително ќе бидат намалени и со ова намалување на средствата од страна на МИОА може сериозно да се сфати дека има некаква задна намера, затоа што тие можат да ги префрлат парите на крај на годината во декември, со што не можат да се предвидат стабилни планови за финансирање на Агенцијата. Можеби, рече, следниот месец ќе решат да префрлат само 3 милиони денари, а Агенцијата треба да праќа писмо зошто тоа е така? Бидејќи Законот е јасен и дециден рече дека не може да најде никакво логично објаснување зошто е избрано 6 милиони денари, зошто не 5 или 7 или онолку колку што пишува точно во законот 0,8%. Тоа е чиста математика и не остава простор за филозофско толкување за да некој мисли колку треба да се утврди.

Г-дин Петрушевски објасни дека во текот на вчерашниот ден направил истражување за Буџетот на Република Македонија за 2018 година и пресметал колку пари би требало да земаат Агенцијата, МРД и МРТ по законот како што пишува. Некаде околу 0,8% од Буџетот на РМ изнесува 1 милијарда 540 милиони денари. Од нив 1 милијарда 150 милиони денари за текот на целата 2019 година треба да земе МРТ, 300 милиони денари треба да земе МРД и 92 милиони денари треба да пристигнат во Агенцијата. Ова се околни бројки, не ги кажува помалите цифри. По месечните рати би требало во денари да примаат: МРТ 95 милиони денари месечно тоа е околу 1,5 милиони евра, МРД месечно 25 милиони денари околу 400 илјади евра и Агенцијата треба да зема 7 милиони и 700 денари но добива 6 милиони денари, што значи дека Агенцијата е скусена за 27 илјади и 600 евра месечно. На годишно ниво тоа се 332 илјади евра. Рече дека Агенцијата тоа сега ќе го издржи благодарејќи на претходната година што имаше плусови и добро финансиско работење. Но, ако се гледа долгорочно, медиумите ќе уплаќаат се помалку и помалку, и кога и да е ќе дојде период кога Агенцијата ќе оди во минус ако ова вака продолжи да функционира. За Агенцијата ова и не е толку страшно, пострашно е за МРТ. Тие треба месечно да добиваат 1 милион и 600 илјади евра а добиваат 74 милиони денари и месечно се скусени за 340 илјади евра, а годишно 4 милиона и 100 илјади евра. Произлегува дека 12 пати се поoштетени од Агенцијата. Објасни дека тој ги нема информациите од МРД и МРТ, и оваа проценка ја направил врз основа на процентот на Агенцијата и претпоставува дека и процентот за нив е толкав. Информира дека овие информации се ставени во табела и се става на располагање да ги препрати до сите советници, а г-дин Фиданоски може да ги препрати и во ЗНМ доколку сака. Понатаму објасни дека според него проблемот е и во Законот, член 45 каде што кажува дека овие проценти може да се реализираат, не пишува дека мора да се реализираат, тоа значи дека на Агенцијата да и даде и нула и 100 илјади и милион денари, и не мора да ги даде, не само на Агенцијата, туку и на МРД и МТВ. Она што го тврдеше Агенцијата кога се носеше Законот пред две години дека ќе се наруши финансиската независност сега во пракса се покажа дека е така. Не е толку страшно, сепак како што кажал г-дин Фетаи Агенцијата добива нешто, но можноста ова да се случи, бидејќи не се почитува буквално Законот како што е ветено, ја нарушува финансиската независност, не само на Агенцијата, туку и на јавниот сервис и на МРД. Ова не е добро. Она што го кажал г-дин Фиданоски се согласува, не треба сега Агенцијата и Советот да се караат со МИОА, директно со тужба или опомена пред тужба, но можеби тоа е начин некако да се свестат. Идејата за средба со нив не знае дали ќе се реализира од причина што

има пратено писмен допис но нема никаков одговор. Неговиот став е да се проба уште еднаш. За предлогот дали да се алармира во јавноста, смета дека е добро да се направи една информација. Не е сигурен дали треба да се консултираат со МРД и МТВ, дали и кај нив ова се случува, ако не тогаш би било селективно, но за МРТ ова е страшно 4 милиони евра помалку, не знае како тие луѓе работат и дали е можен напредок. Уште полошо ќе биде ако се чека да завршат изборите, да се изберат новите состави и тогаш да започне да се пуштаат парите. Тоа веќе отвора некоја политика во целата работа во смисла „ај сега за стариот состав на МРТ не пуштаме пари за новиот ќе пуштиме". Тоа може да влијае на нивниот имиџ, оти ако имаш пари полесно е да работиш. Не верува во ова, затоа е добро сите овие работи што ги кажал и тој и сите членови и директорот да се расчистат со министерот директно лице во лице. Глобално ова што се прави не е добро и ја нарушува финансиската независност. Тоа се неговите дилеми нема конечен предлог, но не е директно за тужба. Рече да размислат сите уште еднаш, да заземат став и чека да види како ќе реагираат повратно на информациите кои ги кажал.

Г-дин Фетаи рече дека ја поддржува дискусијата на г-дин Петрушевски за која рече дека е аргументирана и имаше попрецизно укажување колку тоа изнесува во бројки. Бидејќи овие 0,8% се законска обврска се приклучува кон тоа да се испрати едно соопштение до јавноста. Но можеби претходно би требало сите корисници, трите институции кои добиваат средства од 0,8%, МРТ, МРД и АААВМУ да имаат еден координативен состанок, консултативен бидејќи имаат ист проблем во финансирањето. Па можеби и од нив ќе произлезе нешто, па тогаш да има едно заедничко соопштение до јавноста или нешто слично. Да се види како тие го перципираат и детектираат овој проблем и дали овие 0,8% фактички пропорционално се намалени кај сите, на пример за 20% или 30% или се пуштени паушално, дали имале некоја нивелација, сето тоа треба да се истражи. Но сепак е за тоа да се обратат до јавноста, на некој начин гласот да се дигне, не преку жалба, не преку судски институции. Воглавно едно констатирање, едно укажување на оваа состојба. При тоа предложи прво директорот да иницира еден состанок да разговара со претставниците односно со раководителите на овие две институции.

Г-дин Петрушевски рече дека од податоците кои ги кажал треба да се провери дали претпоставките му се точни или реалноста е друга. Претпоставките се како би било кај нив ако се земе истиот однос како за Агенцијата, тоа е математичка пропорција. Ги нема информациите ниту од МРД, ниту од МТВ, а информациите од Агенцијата ги има затоа што се јавил кај раководителот Горан Радуновиќ, го прашал и му одговорил дека е 6 милиони денари, а треба да 7 милиони и 700 илјади денари.

Г-дин Фиданоски рече, додека траела оваа дискусија размениле мислење со г-дин Трајчев. Праша дали г-дин Петрушевски тргнал од претпоставката за реализиран Буџет од тие бројки, бидејќи законски е реализиран Буџет, не тој што е проектиран, колку ќе се потроши, туку колку е реализиран, тоа е едниот момент што му беше како прашање. Второ мисли дека ќе биде нонсенс, го поттикнал г-дин Фетаи, ако некој тамо што е одговорен за доделување средства нив ќе ги доделува по критериум „ми се допаѓаат луѓето што членуваат во Советот" или „не ми се допаѓаат" или пак законски бидејќи како обврска мора да ги додели. Мисли дека ќе биде голем нонсенс ако е причината да се чека изборот на новите членови на Советот, па после да ги префрлат средствата, ако евентуално префрлат. Трето, се согласува дека треба да има едно соопштение за јавност како прв чекор и ќе инсистира дека треба да се побара да има

состанок со г-дин Манчевски чие министерство е надлежно да ги префрла средствата, да се обидат, а како толкување за кое што смета дека може да е причина за ваквата работа, негова претпоставка е што средствата со кои оперира г-дин Петрушевски се средства предвидени со Буџетот за 2019 година. МИОА има кажано колку средства се предвидени за 2019 година. Тој Буџет е проектиран и донесен до крајот на 2018 година, а Законот стапи во сила 2019 година. Владата е должна да направи ребаланс на Буџетот само заради ова прашање, веројатно имаат и други причини за тоа, мора да направи ребаланс за да овие средства ги зголеми. Негова претпоставка е дека поради ненаправен ребаланс на претходно предвидените средства, Агенцијата добива помалку средства. Но, тоа не е причина Агенцијата да не реагира.

Г-дин Петрушевски рече дека отприлика се согласуваат дека треба да ја информираат јавноста дека не треба да одат со тужба. Тоа ќе биде соопштение заедничко од директорот и Советот.

Г-дин Трајчев рече дека според него е во ред прво да се направат обиди, она што го кажале г-дин Фиданоски и г-дин Фетаи за состанок со органите, заеднички можеби со МРТ за да се видат причините затоа што можеби во Буџетот нема ставка и треба да се направи. Едноставно, првично да се направи една средба.

Г-дин Петрушевски рече дека се`уште МИОА немаат одговорено на дописот воопшто како да не постоиме, има официјален допис а нема одговор, а времето си тече, а Агенцијата и Советот да ќутат и да чекаат со месеци смета дека не е во ред. Треба да се дигне глас и да се разјасни. Предлогот во материјалите е да се усвои информацијата и да се достави опомена пред тужба до надлежното министерство. Дискусијата што се водеше беше да се направи соопштение и да се направат обиди и покрај тоа што нема одговор од министерството, да се побара состанок со нив и да се стапи во контакт со МРТ и МРД за да се увиди дали и кај нив е слична ситуацијата и да ги имаат точните бројки. Тоа е отприлика сумарниот предлог.

Г-дин Фетаи рече до министерството да не се испрати опомена пред тужба, туку укажување.

Г-дин Трајчевски рече дека еднаш е веќе пратено.

Г-дин Фетаи рече уште едно од оваа седница може да се достави.

Г-дин Петрушевски рече дека од дискусијата произлегло Советот да испрати соопштение дека средствата се намалени, без да се даде дијагноза, причините кои ги дискутирале зошто тоа е така, само да се информира јавноста, да побараат официјално средба со министерството, директорот, Советот и министерот и да стапат во контакт со другите две институции МРТ и МРД за оваа проблематика и да ги добијат точните информации како е кај нив. Тие се три работи што ги заокружува.

Г-дин Фиданоски рече да сублимира, треба да ја усвојат информацијата и потоа со соопштение јавноста да се извести за ситуацијата, и истовремено да се побара средба со министерот Манчевски и со останатите два субјекти кој што се финансираат од оваа ставка.

Г-дин Петрушевски рече дека во соопштението може уште еднаш да се каже дека Советот донесе заклучок да се оствари средба со министерот, а за состанокот со јавните претпријатија не би ги ставал во соопштение, тоа ќе биде трет дел од заклучок ама да не оди во соопштение. Да го задолжат директорот да контактира со директорите во двете институции

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата за висината на префрлените средствата за финансирање на радиодифузната дејност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-601/1 од 06.02.2019 година.

Советот едногласно донесе заклучок :

- со соопштение да се извести јавноста дека исплатените средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Министерството за информатичко општество и администрација не се во висина на процентот утврден во членот 45, став 1, алинеја 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18 од 31.12.2018 година);
- директорот на Агенцијата и Советот да иницираат средба со Министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски во врска со префрлените средствата за финансирање на радиодифузната дејност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од страна на Министерството за информатичко општество и администрација; и
- директорот на Агенцијата и Советот да иницираат средба со раководството на Македонска радиодифузија и Македонската радиотелевизија во врска со исплатата на висината на износот издвоен од Буџетот на Република Македонија (член 45, став 1, алинеја 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18 од 31.12.2018 година).

Се задолжија Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот и Секторот за финансии и логистика да ги подготват дописите од овој заклучок.

Г-дин Фиданоски по гласањето рече дека не мора сите членови на Советот да бидат присутни на тој состанок доколку би се одржал, еден е доволно.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата за обврски кои произлегуваат од последната измена на Изборниот законик. Во понеделникот, во парламентот се усвоени измените на Изборниот законик. Донесените измени немаат допирни точки со елементите коишто се опфатени со Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси. Во измените Агенцијата има обврска да донесе Методологија во рок од 30 дена, меѓутоа бидејќи не станува збор за никакви суштински измени во Изборниот законик, апсолутно нема што да се менува во Методологијата. Затоа се предлага да остане сегашната Методологијата, а утре, во петок, има официјална најава од Собрание дека ќе бидат распишани изборите, а со Методологијата треба да се следи однесувањето на радиодифузерите пред кампањата а потоа и за време на кампањата. Предлогот е да не се носи нова Методологија туку да остане таа што е сега на сила бидејќи измените на Изборниот законик не предвидуваат измени во она што е опфатено со Методологијата.

Г-дин Петрушевски објасни она што го доставил на членовите на Советот е првата страна од постојната Методологија и неговиот предлог е малку различен од

предлогот на директорот. Во предлогот на директорот пишува дека не е нужно одново да се донесе Методологија за мониторинг. Но, ако се погледне Изборниот законик сега што се донесе во член 1 се вели: Ставот (10) кој станува став (8) се менува и гласи: „(8) Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на овој законик да донесе Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси, за време на изборните процеси и истите ги објавува на својата веб страница.". Ако Советот само констатира дека е истата Методологија фактички формално-правно го кршат Законот затоа што не го почитуваат. Советот мора да донесе Методологија, но фактите што ги кажал директорот, документот го има спремено раководителката на Секторот за правни работи м-р Емилија Јаневска, дека ништо нема сменето во Изборниот законик што би предизвикало промени во оваа Методологија, освен укинување на порталите за ДИК, за Агенцијата нема ништо сменето, истиот Закон е како минатиот пат. Оваа Методологија се донесе во септември 2018 година, по неа имаше отворено јавна расправа, детално помина. Сè што е во измените е веќе предвидено во сегашната Методологија. Но за да бидат формално-правно исправни, предлага во истата оваа Методологија, што сега им ја дал, само да се направат измени во преамбулата, да се повика и на овој Закон, да донесат таков заклучок, а да остане истата содржина што била, но да ја донесат уште еднаш.

Г-дин Трајчев се согласи дека треба да се донесе уште еднаш нова Методологија, така утврдил законодавецот, но смета дека не може на оваа седница, бидејќи нема таква точка на дневен ред. Појасни дека ако се носи Методологија треба да се стави во Дневен ред на нова седница.

Г-дин Петрушевски рече дека нема никакви измени освен повикување на Законот, сиот текст останува ист. Ако се донесе заклучок дека останува истата, фактички и реално се крши Законот затоа што таа Методологија не е донесена после овие измени.

Г-дин Фиданоски се согласи дека содржински Методологијата ги покрива работите, но формално-правно Советот има обврска да донесе Методологија. И го дели мислењето со г-дин Трајчев дека сега во дневниот ред има точка Информација за обврски кои произлегуваат од последната измена на Изборниот законик, а доколку се носи Методологија мора да има точка со Предлог-Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси и од формално правна причина треба тоа да се запази. Дали ќе биде посебна седница утре, дали денес 15 минути по завршување на седницата, на друга седница со посебна точка тоа да се направи, мора така за да се запази формално правниот аспект. Не смета дека нема суштинска измена во Изборниот законик, има суштинска измена а тоа е дека конечно се сфати дека ДИК нема ни стручни капацитети, ниту пак човечки ресурси за да направи мониторинг на онлајн медиумите. За такво нешто нема ни компаративна пракса во Европа за изборен мониторинг врз нив. Ги поздравува тие измени и од тој аспект смета дека се суштински измените инаку што се однесува до Агенцијата нема суштински измени.

Г-дин Петрушевски предложи денес да се направи тоа, ако се донесе заклучок дека тоа треба да се направи. При тоа рече дека ќе го ослободи г-дин Трајчев по негово барање затоа што има обврски.

Г-дин Трајчев рече дека по Закон Агенцијата има обврска да донесе Методологија. Тоа не треба да биде заклучок туку носење на Методологија, потоа има Деловник каде што се кажува дека 24 часа претходно се доставуваат материјали и како се свикува седница. Може седница да има и во сабота.

Г-дин Петрушевски рече дека во Деловникот пишува дека за посебни ситуации рокот може да биде и пократок, а со тоа се опфаќа и овој случај.

Г-дин Ајдини рече дека по дискусијата произлегуваат два предлога, едниот денес да има седница другиот утре претпладне. Се изјасни дека тој е за тоа денес ова да се заврши.

Г-дин Петрушевски се согласи по завршување на оваа седница да се закаже нова и денес да се заврши оти во преамбулата треба само да се направат мали измени.

Г-дин Фиданоски рече дека треба да има нова седница со предлог точка.

Г-дин Петрушевски даде кратка пауза. По завршување на паузата, г-дин Трајчев не беше присутен на седницата поради обврски.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) донесе заклучок да се донесе нова Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси согласно Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик (Службен весник на РМ, бр. 27 од 5.02.2019 година), која утврдува рок од 30 дена за нејзино донесување.

Новата Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси, да се спроведе на првата наредна седница.

**Точка 5**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлог-одлуката за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година, објасни дека за вработениот кој на претходната седница Советот даде одобрување за раскинување на Договорот за вработување, беше претседател на Комисијата.

Вишиот соработник во Секторот за Стратешко планирање и авторски права, Сашо Петрушевски во својство на заменик претседател на Пописната комисија даде кратко образложение. Објасни дека Пописот се вршеше во период од 03.01.2019 година до 05.02.2019 година и при тоа рече дека неправилности при пописот не се пронајдени, односно задолженијата во потполност одговараа со фактичката состојба.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) даде одобрение директорот на Агенцијата да донесе одлука за усвојување на Извештајот и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година и за отпис на основните средства, со текст како што беше предложена одлуката.

Со одлуката се усвојуваат Извештајот за извршениот попис на основните средства, ситниот инвентар, материјалните и резервните делови во магацинот, побарувањата и обврските и паричните средства на Агенцијата со утврдена состојба заклучно со 31.12.2018 година и Пописните листи од извршениот попис на средствата, обврските и побарувањата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од извршениот попис во Агенцијата, за 2018 година, кои се доставуваат во прилог на Извештајот, и тоа:

- Пописна листа за утврдената состојба на денарски средства и девизни средства, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.1,
- Пописна листа за производите-артиклите во магацинот, бр.1, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.2,
- Пописна листа на основни средства (инвентар и опрема) која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.3,
- Пописна листа со предлог за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.4,
- Пописна листа на побарувањата и обврските, која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.5 и
- Пописна листа за ситен инвентар која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.6.

Се задолжи Секторот за финансии и логистика да изврши отпис на основните средства, содржани во Пописната листа за отпис/расход на инвентар и опрема која е приложена кон Извештајот како Прилог бр.4.

Отпишаните средства да паднат на товар на капиталот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

Вишиот соработник во Службата за јавни набавки Александар Џуваревиќ го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Миење на возила. Објасни дека предвидениот износ на средствата се 84.000,00 денари за две години односно по 42.000,00 денари за 2019 и 2020 година.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Миење на возила.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Миење на возила за 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

**Точка 7**

Г-дин Петрушевски во врска со предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Мобилна телефонија, објасни дека сега документите се изработени согласно ИСО стандардите и дека забелешката од страна на г-дин Фетаи влијаела позитивно на сегашната работа и се надева во иднина.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка- услуга: Мобилна телефонија.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Мобилна телефонија за 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година, односно 1.050.000,00 денари во Финансискиот план за 2019 година и 1.050.000,00 денари ќе бидат обезбедени во Финансискиот план за 2020 година.

**Точка 8**

Вишиот соработник во Службата за јавни набавки Александар Џуваревиќ го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење. Објасни дека станува збор за нова јавна набавка за склучување на договор за период од 2 години со проценета вредност од 600.000,00 денари. Со оваа набавка би се покрило одржувањето на печатарите и набавка на тонери.

Г-дин Петрушевски праша дали значи дека фирмата која ќе ја добие набавката со предложените средства ќе носи потрошен материјал, ќе ги одржува печатарите за сè да биде исправно и ИТ секторот да не губи време со неисправни печатари. Дали за оваа услуга ќе се плаќа паушал или на отпечатена страна?

Вишиот соработник Александар Џуваревиќ објасни дека наплатата ќе се врши по отпечатена страна.

Г-дин Петрушевски рече дека така се плаќа вообичаено во сите институции и така е најевтино. Од искуство рече дека цената може да падне и на пола денар од страна вклучувајќи одржување и тонер. И тие си водат сметка печатарите да им бидат исправни и нивна ќе биде обврската за трошоците.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Изнајмено печатење за 2 (две) години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

Точка 9

Вишиот соработник во Службата за јавни набавки Александар Џуваревиќ го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали. Објасни дека проценетата вредност е 216.000,00 денари за временски период од 1 година.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка- стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–стока: Канцелариски материјали е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2019 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5559/1 од 27.12.2018 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2019-та година.

Точка 10

Разно

- Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 4-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.02.2019 година, со текст како што беше предложен.

- Г-дин Петрушевски во врска со предложеното Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово објасни дека се работи за логично продолжение на 2-та Јавна седница. За овој предлог г-дин Фетаи имаше исцрпна дискусија, а раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар дала објаснување.

Г-дин Фиданоски искажа жалење заради ваквиот редослед на збиднувања околу овој радиодифузер, со што практично би значело негово згаснување. Жал му е што медиумот не успеал да се избори во денешно време да функционира, но веројатно причините си ги знае самиот тој. Сигурно финансиски е неиздржливо. Посака вакви точки да има што помалку на дневен ред каде што и формално ќе се носи одлука за згаснување на одредени радиодифузери. Рече дека мора да биде реален и искрен дека пазарот донекаде ги дефинира состојбите и тој што работи финансиски позитивно или тој што е сериозен во инвестирањето има шанси да се одржи на подолг рок, сето друго да не биде сфатен грубо, е борба за преживување која што веројатно не може да се издржи долго време.

Г-дин Петрушевски рече дека забележува техничка грешка во Предлог-решението. Имено решението го носи Советот, сега ќе се гласа, но во преамбулата на решението пишува дека „..согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, директорот на Агенцијата го донесе..". Објасни дека според него треба наместо директорот на Агенцијата да стои Советот на Агенцијата, бидејќи гледа дека документот го потпишува Претседателот на Советот, согласно гласањето на Советот.

Г-дин Трајчевски рече дека е техничка грешка која ќе се коригира, бидејќи ЗААВМУ се смени, но во Деловникот се`уште не се направени измени.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ (г-дин Трајчев не беше присутен на седницата) донесе Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, со усвоени технички корекции во преамбулата на Решението.

Се задолжи Секторот за правни работи горенаведениот радиодифузер да го избрише од регистарот на радиодифузери што емитуваат телевизиска програма.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, решението да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Бр. 02-569/11**
**15-02 2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**